ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **01.06.2020 година** во 10:00 часот во кабинетот на градоначалникот на општина Крива Паланка со почеток во 10:00 часот

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски,** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината Љубомир Младенов беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

- Да се изготви решение за комисија за процена на касарна и во текот на оваа недела да биде излезено на лице место (состав:Тања, Коста и Стевче).

- Во тек на оваа недела Мартин да се изготви решение и да се излезе на терен за примање на водоводот во с.Конопница во состав од претседател на месна заедница, преставник од ЈП Комуналец и претставник од Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура.
- Да се направи состанок со жителите од с.Луке и с.Станци во врска со надоместокот за експропријација.

**Одделение за финансиски прашања**

- Од страна на Раководителот на Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности
- Да се спремат решенијата за фирмарина и да се дадат на ЈП Комуналец за доставување.
-Да се достави ребалансот до Минстерство за финансии.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се реагира да се забрза постапката за добивање на водостопанска дозвола за аплицирање со Лесковац.
-Да се достави скениран проектот за канализација Цонев Рид до АКН.
-Да се провери и реагира за дојавен проблем при изградба на патот во с.Конопница .
-Да се извести фирмата која работи на рехабилитација на патот кон манастир Св.Јоаким Осоговски за поправка на сите недостатоци кои останале при работата како и за отстарнување на шутот до депонија кој го имат направено при работењето.
-Да се исприната договорот за потпишување со СИПР.
-Да се достави барање за набака на надзор на објекти.
-Да се дополни проектот за Крклја до АКН.
-Да се порачат пластични цевки.
-Да се разгледа и најде модел за огради на мостови заради распишување на јавна набавка.
- Да се гранулираат пропусти во циглана и Баглак со Дине Трејд од с.Узем.
- Тања со Комисијата за градежно земјиште да се состане, да се разгледат информациите кои ги имат и да продолжат со постапката во текот на оваа недела за локација Треска.

-Со Параметар да се добие дозвола за транслаторно поместување на објект.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

- Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.
-Да се продолжи со постапката за проектот за надградба на детската градинка.
-Да се достават барања за набака на хоризонтална и вертикална сигнализација.
-Да се исцртат границите на урбаните и месни заедници и да се достават за внесување во ГИС.
-Да се закажат јавни анкети во текот на неделата за 1Д и 4А.
-Да се инскотактира со соседните општини и да се закаже прскање против комарци.

-Комисијата за градежно земјиште да се состане, да се разгледат информациите кои ги имат и да продолжат со постапката во текот на оваа недела .

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

- Да се одржи состанок во врска со изработка на социјалната карта на Општина Крива Паланка до 5-6 јуни 2020 година.

-Да се спреми апликацијата со Лесковац до 15.06.2020 година .

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Раководител на Одделение за човечки ресурси игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Правилник за работно време да се финализира и да се објави на огласна табла .

-Да превземе дел од предметите за експропријација со Мартин.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Раководителот Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Комисијата за градежно земјиште да се состане, да се разгледат информациите кои ги имат и да продолжат со постапката во текот на оваа недела.

-Да се распишат јавни набавки за хоризонтална и вертикална сигнализација, за третитање на кучиња и надзор на објекти по доставени барања од надлежните одделенија.

- Да се смени планот за Јавни набавки и да се предвиди изработка на две стратегии за ЈПП Стара автобуска и Стара касарна.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се продолжи со изречување на казни за проблемот со добитокот како и покренување на судска постапка.

-Да се достави барање за распишување набавка за третирање на кучиња .

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се започне со поплочување на калдрмата на ул.Момир Стојановски.

- До 15.06 да се разнесат дадените решенија за данок на имот ,после да се вратат во општина.

-Да се исконтактира со Македонија пат да се расчити вегетацијата околу таблата која означува влез во Крива Паланка.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се одржи состанок во координација со ЛЕР и другите институции во врска со подготовка на ВЕБ страната www.visitkrivapalanka.com.

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

- Ограничен прием за странки и дезинфекција во канцелариите како и просторот каде се движат странките во просториите.
- Службите при своето работење да го користат официјалниот поим Република Северна Македонија.
- Да се достави план за користење на прв дел на годишен одмор до 15 јуни до Одделение за човечки ресурси.

**01.06.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Биљана Тасевска**